УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

ФИКТ

Студентска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; contact@fikt.edu.mk; П.Ф.10


Бр. 02-107/17
21.02.2023 година
Битола

Врз основа на член 110 став 1 точка 21 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018), а во врска со член 79 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола (пречистен текст) донесен од Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 164-та седница одржана на ден 21.09.2018 година, со изменување и дополнување на 167-та седница одржана на ден 28.01.2019 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола на седницата одржана на ден 21.02.2023 година донесе:

**Одлука**
**за условите за запишување и завршување на студиите по престанок на статусот на студент**
**(пречистен текст)**

**Член 1**

Студентите запишани на студиските програми на Факултетот за ИКТ Битола заклучно со академската 2017/2018, а на кои им престанал или ќе им престане статусот на студент по било кој основ, можат повторно да се запишат и да ги завршат студиите на активните студиски програми, според правилата што важеле во време на нивното запишување.

Студентите од став 1 од овој член на кои им останале само два испити и дипломски труд можат повторно да ги запишат и да ги завршат студиите на студиската програма на која студирале, по правилата кои важеле при нивното запишување, доколку се активни студенти и ги положат предвидените испити најдоцна до 30.09.2023 година.

Студентите пак на кои им останал само дипломскиот труд, ќе можат повторно да ги запишат и да ги завршат студиите на студиската програма на која студирале, по правилата кои важеле при нивното запишување, доколку се активни студенти и надвор од предвидениот рок од 30.09.2023 година.

**Член 2**

Одлука за обновување на статусот на студент ја носи Деканот на Факултетот, по претходно поднесено барање од страна на студентот и уплатен надоместок за образовни и административни услуги утврден од Деканската управа на Факултетот.

**Член 3**

Студентите од член 1 имаaат право да поднесат барање до Комисијата за признавање на испити на прв циклус на студии за признавање на компатибилните испити од студиската програма на која биле запишани, на изменетата или новата студиска програма на која е префрлен по прекинот на студиите.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Подготвил/Проверил: м-р Илче Димовски
Одобрил: продекан за настава ред. проф. д-р Моника Марковска

**Наставно-научен совет**
**Д е к а н**
**Ред. проф. д-р Благој Ристевки**

ДН:
- архива
- ФСС на ФИКТ